

# Нина Бадриќ на "Евросонг" за Хрватска

Хрватската радио-телевизија одлучи Нина Бадриќ да биде годинешниот претставник на Хрватска на "Евросонг".

Телевизијата ја избра Нина Бадриќ, а таа со нејзиниот авторски тим мора да понуди песна со која ќе се претстави во Азербејџан. Годинава ХРТ го менува концептот на "Дора", според кој претходните години се избираше евровизиската песна. На Фестивалот ќе се претстават млади пејачи, а Нина на крајот ќе има свое мини-шоу и ќе ја претстави песната за "Евросонг".

Годинава националните телевизии од поранешна Југославија избраа претставници на ист принцип. Македонија ќе ја претставува Калиопи, Србија Жељко Јоксимовиќ, Босна и Херцеговина Маја Сар, а Црна Гора Рамбо Амадеус.

# "Златна Бубамара" на 23 февруари

Манифестацијата "Златна Бубамара на популарноста" ќе се одржи на 23 февруари, а локацијата ќе биде дополнително соопштена. По 15-ти пат ќе бидат доделени наградите за најзначајните личности од областа на естрадата, културата, спортот и на бизнисот од Македонија и од Балканот. Организаторот радио "Бубамара" и сценаристот Ранко Петровиќ, како и секогаш, не ги откриваат гостите ниту сценариото.

Можно е "Бубамара", поради голем интерес за билети, да ја смени локацијата на одржување, а има шанси и да остане во Универзалната сала, поради интимната атмосфера и акустиката.

*(М.Џ.)*


